ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Содржина

ВОВЕД 2

ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА 4

ПРАВЕДНА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА 8

ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА 16

СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ 17

ВОВЕД

Фондацијата Отворено општество - Македонија (ФООМ) е дел од Фондациите Отворено општество - Западен Балкан (ФОО-ЗБ), заедно со Фондациите Отворено општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Србија. Дејствувајќи во рамки на оваа регионална рамка, ФООМ придонесува кон унапредување на демократијата, одржливиот развој и регионалната соработка како клучни столбови за отворена и инклузивна иднина во Западен Балкан.

ФОО-ЗБ ја препознава регионалната соработка како стратешки неопходна за справување со заедничките политички, економски и општествени предизвици, како и за зајакнување на демократската отпорност, одржливиот економски развој и геополитичката стабилност на регионот. Во контекст обележан со тековни демократски и економски предизвици, како и миграција на младите и надворешни геополитички влијанија, зајакнувањето на регионалната соработка останува важно за поддршка на отворените општества и напредокот кон европската интеграција.

Севкупната цел на ФОО-ЗБ е да ја унапреди економската просперитетност, демократското учество и регионалната агенда преку поддршка на партнерства меѓу владите, граѓанското општество, бизнисите и заедниците. Преку својата работа, ФОО-ЗБ има за цел да изгради т.н. „јазли на отпорност“ – одржливи мрежи на идеи, партнерства и застапување кои го зајакнуваат капацитетот на регионот да спроведува реформи и да се спротивстави на дестабилизирачки влијанија.

За остварување на овие цели, ФОО-ЗБ се фокусира на три меѓусебно поврзани стратешки приоритети:

- **Унапредување на регионалната економска интеграција и усогласување со ЕУ** преку зајакнување на соработката меѓу носителите на политики, бизнисите и граѓанското општество, како и промовирање на учеството на регионот во политиките и рамките на ЕУ.
  • **Поддршка на праведна зелена и енергетска транзиција** која овозможува

економска трансформација, ја зајакнува енергетската безбедност и промовира координирана Зелена индустриска политика, при што се обезбедува заедниците да имаат придобивки од одржливи инвестиции и инклузивен раст.

• **Забрзување на дигиталната трансформација** со цел поддршка на политичка иновација, зајакнување на дигиталните вештини и инфраструктура, и овозможување интеграција на регионот во Единствениот дигитален пазар на ЕУ.

Во рамки на оваа регионална стратегија, ФООМ спроведува иницијативи кои придонесуваат кон зајакнување на демократското владеење, промовирање одржлив и инклузивен економски развој, поддршка на енергетската транзиција водена од заедниците и унапредување на улогата на властите во регионалните и европските процеси на соработка.

Во 2025 година, ФООМ реализираше активности усогласени со регионалната стратегија на ФОО-ЗБ со вкупен буџет од 1.610.399 американски долари (USD), поддржувајќи програми кои поттикнуваат демократска отпорност, зелена транзиција, дигитална трансформација и регионална соработка.

ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во 2025 година, ФООМ поддржа низа иницијативи насочени кон зајакнување на демократското владеење, унапредување на европската интеграција и промовирање на одржлив развој и регионална соработка во Северна Македонија и Западен Балкан.

На регионално ниво, Институтот за добро владеење и политики за животна средина (ИПЕКК) продолжи со имплементација на проектот „Унапредување на зелената инфраструктура во Западен Балкан 6“, кој имаше за цел развој на одржлива инфраструктура и зајакнување на политиките за Зелената агенда за Западен Балкан. Преку регионални истражувања, консултации со засегнати страни и застапување во земјите од Западен Балкан, проектот ги анализираше инвестиционите потреби, финансиските механизми и административните капацитети. Резултатите беа преточени во политички документи и дијалози на високо ниво со носители на политики, институции на ЕУ и експерти, придонесувајќи кон подобра апсорпција на ЕУ-фондови, посилна меѓусекторска соработка и усогласување со еколошкото законодавство на ЕУ. Како надградба на регионалната зелена агенда, ИПЕКК кон крајот на 2025 година започна нов проект „Поврзување на потребите на Западен Балкан со финансиските перспективи на ЕУ по 2027 година“, со цел подобра подготвеност за идните ЕУ-финансиски рамки. Во почетната фаза беа воспоставени управувачки структури, ангажиран тим и започната координација на податоци, што ќе резултира со регионален документ за политики за подобро користење на ЕУ и меѓународните фондови

Паралелно, Finance Think - Институт за економски истражувања и политики во рамки на регионалната мрежа WEBecon го реализираше проектот „Воспоставување платформа за дијалог и транспарентност за државна помош во шесте земји од Западен Балкан“, со цел зголемување на транспарентноста,

достапноста на податоци и регионалната соработка во оваа област. Во текот на 2025, проектот ја зајакна соработката со клучните институции и ја прошири базата на податоци за државна помош за периодот 2017-2024. Сите информации се достапни на регионалната веб-платформа. Дополнително, беше изработен патоказ со конкретни препораки и комуникациски материјали, со што се поддржа застапување за поефикасна и потранспарентна употреба на јавните средства.

Во исто време, ФООМ поддржа активности за праведна енергетска транзиција преку проектот „ Од индустриски зони до зелена енергија: Овозможување праведна транзиција за индустрии со нулта емисија“, имплементиран од Еко-тим од Црна Гора во партнерство со Еко-свест од Северна Македонија. Проектот разви стратегии за трансформација на поранешни рударски локации во центри за обновлива енергија и зелени индустрии, воспостави платформи за дијалог и изготви препораки за законски и финансиски мерки. Во Северна Македонија, Еко-свест ја унапреди соработката меѓу засегнатите страни и планирањето за енергетски заедници, со што се потврди силната поддршка од граѓаните за инклузивна транзиција.

На европско ниво, Бругел го реализираше проектот „ Постепена интеграција на Западен Балкан во Европската Унија“, а кој обезбеди значајни истражувачки и политички анализи кои придонесоа кон подобро разбирање на економските, демографските и енергетските предизвици во регионот. Во рамки на проектот беа изработени повеќе анализи и работни трудови, колумни, билтен, подкасти како и панел на високо ниво, кои генерираа значителен интерес кај креаторите на политики, медиумите и експертската јавност. Преку овие продукти, проектот постигна широка видливост и влијание врз дебатите за проширувањето на ЕУ, истовремено воспоставувајќи нови соработки со релевантни регионални и европски институции и зајакнувајќи ја основата за понатамошен развој на политики насочени кон интеграција и одржлив развој.

Проектот „Политичките реалности на генерацијата Z во Западен Балкан“ обезбедува наоди базирани на докази за политичките ставови, вредности и искуства на генерацијата Z во регионот. Проектот одговара на зголемениот интерес

на креаторите на политики за оваа постконфликтна, целосно дигитална генерација, истовремено преиспитувајќи ги претпоставките дека сите младите имаат прогресивни вредности. Во рамки на проектот се спроведе прво вакво истражување во сите шест земји од Западен Балкан, кое комбинираше анализа на контекстот со репрезентативни анкети и примена на иновативни и партиципативни методи за опфаќање на различни политички ставови, општествени вредности и животни искуства. ФООМ ангажираше истражувачки агенции во Северна Македонија и Црна Гора, како и регионални експерти. Наодите се достапни во Извештајот од истражувањето.

ФООМ исто така ја поддржа младинската ангажираност преку проектот „Повеќе од активизам“ на Форумот за образовни промени, Тетово, насочен кон зајакнување на учеството на младите во демократските процеси. Активностите опфатија селекција на учесници, подготовка на регионална образовна иницијатива и развој на грант-шема за студентски иницијативи, како и собирање приказни за младински ангажман кои ќе бидат презентирани на настан во 2026 година.

Дополнително, проектот „Одзиви на демократијата: Политички пораки од Западен Балкан и патот напред - Школа за млади професионалци“, реализиран од Претседателскиот центар „Стево Пендаровски“, придонесе кон развој на млади професионалци во областа на политичката комуникација и демократскиот дијалог во регионот. Проектот воспостави регионални партнерства, разви дигитална платформа и ја подготви првата обука која ќе се одржи во април 2026 во Скопје.

Преку проектот „Зајакнување на сопственоста на граѓаните и бизнисите врз Берлинскиот процес и Националниот реформски план на Северна Македонија“, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС) работеше на унапредување на јавниот увид и учеството на засегнатите страни во однос на Планот за раст и Заедничкиот регионален пазар. ИДСЦС во рамки на имплементацијата на проектот спроведе сеопфатни истражувања за Националната реформска агенда (2024-2027) и преточување на сложените политики во разбирливи материјали, визуелна содржина и јавни настани. Соработката со Стопанската комора создаде основа за активности насочени кон

бизнис-секторот, додека брифинзите со пратеници го поврзаа проектот со Берлинскиот процес, придонесувајќи кон зголемена транспарентност, доверба и учество во реформите поврзани со ЕУ.

ПРАВЕДНА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА

ФООМ ги продолжи своите напори кон праведна зелена транзиција како придвижувач на економска и општествено-демократска трансформација, истовремено зајакнувајќи ја соработката со општините, владините институции и другите засегнати страни со цел воспоставување заедничка сопственост врз енергетската транзиција.

По успешната имплементација на регионалниот проект „Сончеви училишта“ во претходните години, ФОО-ЗБ воведе нов модел заснован на јавен повик за општините да изразат интерес за инсталација на фотоволтаични системи на јавни училишни објекти, заедно со обврска за кофинансирање со цел зголемување на локалната сопственост и долгорочната одржливост. Од вкупно 12 пристигнати апликации од општини низ Северна Македонија, три општини – Битола, Сарај и Брвеница – беа избрани за имплементација на проектот. Во рамки на оваа иницијатива, ќе се инсталираат фотоволтаични соларни системи на шест јавни училишни објекти со вкупен планиран капацитет до 143 kWp, придонесувајќи кон трансформација на училиштата во климатски отпорни и енергетски ефикасни институции. Избраните објекти се: ОУ „Климент Охридски“ - Битола; ОУ „Даме Груев“ - Битола; ОУ „Дитурија“ - Сарај; ОУ „Ибе Паликуќа“ - село Бојане, Сарај; ОУ „Коста Рацин“ - село Брвеница; и ОУ „Гоце Делчев“ - село Гургурница, Брвеница. Моделот на кофинансирање, ги обврзува општините да инсталираат фотоволтаични системи во едно дополнително училиште и да обезбедат одржување на инсталираните системи, притоа гарантирајќи дека финансиските заштеди од намалената потрошувачка на електрична енергија ќе се реинвестираат во потребите на училиштата, со што се зајакнува локалната отчетност и придобивките за заедницата. Планираните фотоволтаични инсталации се очекува да генерираат значајни еколошки придобивки, со проценето годишно намалување на емисиите на јаглерод од приближно 167.000 килограми CO_2, придонесувајќи кон националните климатски цели и подигнување на свесноста кај учениците и локалните заедници за обновливите извори на енергија и климатските активности. Со воведување на конкурентен избор и кофинансирање, циклусот на „Сончеви

училишта“ја зајакнува сопственоста на општините, ја подобрува финансиската одржливост и создава скалабилен модел за проширување на енергетската демократија и зелената инфраструктура низ земјата и поширокиот регион на Западен Балкан.

Во Црна Гора, ФООМ го поддржа проширувањето на иницијативата „Сончеви училишта“ преку инвестиции во две јавни училишта во Подгорица – „1 Јуни“ и „Октоих“ – демонстрирајќи ги практичните придобивки од обновливата енергија во образовниот сектор. Инсталирани беа кровни фотоволтаични системи со вкупен инсталиран капацитет од 34,8 kWp, што им овозможува на училиштата да произведуваат приближно 45.726 kWh чиста електрична енергија годишно и да ги намалат емисиите на јаглерод за околу 167 тони CO_2 годишно. Покрај намалувањето на трошоците за електрична енергија и зајакнувањето на институционалната независност, иницијативата обезбедува финансиските заштеди да останат во буџетите на училиштата за поддршка на нивните потреби, додека придружните активности за подигнување на свесноста промовираат одржливост и климатска одговорност кај учениците, наставниците и локалните заедници. Со позиционирање на училиштата како локални лидери во производство на чиста енергија и еколошка едукација, пилотот придонесува кон целите за декарбонизација на Црна Гора и претставува скалабилен модел за енергетска транзиција водена од заедницата во Западен Балкан.

Во 2025 година, проектот „Зелена генерација - ангажирани училишта за климатска акција 2.0“ продолжи со имплементација во Северна Македонија, Косово, Албанија, Србија и Босна и Херцеговина, зајакнувајќи ги едукацијата, младинското учество и застапувањето на заедниците за обновлива енергија и одржливи практики. Проектот беше раководен од Националниот младински совет на Македонија во партнерство со Belgrade Open School, од Србија, Bonevet Косово, Центарот за екологија и енергија од Босна и Херцеговина и Ромското и египетското младинско движење од Албанија, проектот вклучи ученици од основни и средни училишта, наставници, родители и локални власти преку работилници, форуми во заедниците и обуки за градење капацитети. Низ регионот, партиципативните процеси на селекција обезбедија вклучување на мотивирани ученици на возраст од 10 до 17

години, со внимание на родовиот баланс и вклученоста на заедниците. Во рамки на интерактивните работилници беа опфатени теми како обновлива енергија, енергетска ефикасност, циркуларна економија и вештини за застапување. Форумите во заедниците овозможија засегнатите страни заеднички да дизајнираат еко-проекти прилагодени на локалните потреби, како и да одлучат кои се приоритетите на училиштето каде треба да бидат инвестирани заштедите од производството на електрична енергија од поставените фотоволтаични панели. Дополнително, обуките за застапување, прибирање средства и управување со проекти ги развија вештините на младите и наставниците да промовираат одржливи решенија во своите училишта и општини. Со комбинирање на практично учење, граѓанско учество и регионална соработка, иницијативата ја зајакна еколошката свесност, младинското лидерство и сопственоста на заедниците врз зелената транзиција, поставувајќи основа за долгорочни климатски активности во училиштата низ Западен Балкан.

Во 2025 година, започна третата фаза од проектот „Праведна зелена транзиција,- Конзорциум за истражување: Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово, Србија “, раководен од Реактор - Истражување во акција, а имплементиран во партнерство со Index Kosova, Udruženje Front slobode, SeConS Development Initiative Group и Institute for Development, Research, and Alternatives (IDRA). Во рамки на третата фаза ќе се спроведе завршно истражување за проценка на влијанието од инсталацијата на фотоволтаични системи во училиштата, со цел да се утврди нивното влијание врз образовните резултати, автономијата на училиштата и ангажманот на засегнатите страни. Во текот на 2025 беа подготвени заеднички методолошки пристапи, спроведено беше теренско истражување во најголем дел од земјите, а партнерите демонстрираа силна координација и меѓусебна поддршка, овозможувајќи навремено справување со предизвиците и континуиран напредок кон постигнување на проектните цели.

Регионалната конференција за зелена трансформација во Западен Балкан, организирана во Тирана, Албанија од 2-4 ноември 2026 година се фокусираше на унапредување на рамката за Зелена индустриска политика (ЗИП). Конференцијата ја постави зелената транзиција како економски и демократски предизвик,

нагласувајќи дека индустриската модернизација во Западен Балкан мора да избегне повторување на еколошките и социјално штетните модели од минатото. Дискусиите ја истакнаа потребата од поврзување на почистите индустрии со квалитетни работни места, технолошките иновации со родовата еднаквост, како и националните реформи со регионалната соработка, особено во контекст на усогласување со ЕУ. Преку четири тематски панели, учесниците разгледаа конкретни политички патеки за имплементација на принципите на ЗИП. Тие вклучуваа унапредување на зелените индустриски политики како двигатели на конкурентноста и климатската акција; повторно искористување на критичните суровини од индустриски и рударски отпад преку пристапи на циркуларна економија; забрзување на инвестициите во обновлива енергија преку зони за забрзана реализација и модели на „едношалтерски систем“ за издавање дозволи; како и зајакнување на улогата на жените во зелената транзиција како клучен предуслов за инклузивен и одржлив раст. Конференцијата ја нагласи важноста на институционалните иновации, просторното планирање и регионалната координација за отклучување на инвестиции, поддршка на декарбонизацијата на индустријата и обезбедување праведна транзиција. Понатаму, ја позиционираше рамката за ЗИП како заедничка референтна точка за носителите на политики, бизнисите и граѓанското општество во Западен Балкан, придонесувајќи кон заедничка регионална визија за праведни, конкурентни и одржливи зелени индустрии усогласени со климатските и индустриските политики на ЕУ.

Во согласност со заложбата на ФОО-ЗБ за зајакнување на учеството на Западен Балкан во глобалното климатско управување, беа организирани национални работилници поврзани со Conference of the Parties (COP) во Северна Македонија и Косово. Националната работилница во Северна Македонија се фокусираше на зајакнување на разбирањето на засегнатите страни за рамката на UNFCCC, процесите на преговарање и клучните тематски области, вклучувајќи ублажување, адаптација, праведна транзиција, загуби и штети, како и климатско финансирање. Работилницата се темелеше на аналитички пристапи за мапирање на националните климатски актери и проценка на состојбата со климатската акција, што резултираше со појасни приоритети за идно учество на COP. Работилницата

во Косово се фокусираше на отпорноста на климатските промени пред COP30, со акцент на безбедноста на водата и ризикот од поплави. Преку експертски придонеси и работа во групи, засегнатите страни развија конкретни препораки за Стратегијата за адаптација на климатските промени на Косово, зајакнувајќи ја соработката меѓу владата и граѓанското општество.

Зелениот форум на градоначалници - „Локална акција, заедничка иднина“, кој се одржа во Драч, Албанија во периодот 21-23 септември 2026 година, придонесе кон унапредување на лидерството на општините во зелената транзиција. Форумот ги обедини градоначалниците, општинските службеници, училиштата, младите, граѓанските организации и експертите од Западен Балкан, надоврзувајќи се на иницијативата „Сончеви училишта“ и зацврстувајќи ја улогата на општините како активни двигатели на климатската и енергетската транзиција. Преку комбинација од пленарни сесии, панели на градоначалници и тематски тркалезни маси, учесниците разменија конкретни искуства за имплементација на обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, урбана регенерација и граѓански енергетски заедници. Посебна младинска работилница обезбеди младинско вклучување во климатската акција.

Со потпишувањето на Декларацијата на градоначалниците се потврди заедничката заложба за континуирана регионална соработка во локалното климатско лидерство. Форумот генерираше јасни стратешки препораки за проширување на општинските активности, зајакнување на меѓусебното учење и преземање на првите чекори кон воспоставување на Зелената алијанса на градоначалници на Западен Балкан.

ФООМ го поддржа осмиот МЕФ25, организиран од ЗИП Институт во рамки на проектот „МЕФ’25 Западен Балкан: мапирање на енергетската иднина на Западен Балкан - поттикнување на регионалната енергетска трансформација: од амбиција кон акција“, како клучна регионална платформа за дијалог за енергетската транзиција. Надоврзувајќи се на претходните изданија, МЕФ25 ги обедини носителите на политики, меѓународните институции, индустрите, граѓанското општество, академската заедница и граѓаните со цел унапредување на инклузивни

и пристапи засновани на докази кон енергетските реформи и регионалната соработка. По одржувањето на МЕФ25 резултатите од форумот беа консолидирани во сеопфатен финален извештај со заклучоци и препораки за политики, со цел да се влијае врз националните и регионалните процеси на одлучување и да се продолжи влијанието на форумот. Препораките ги опфатија клучните приоритети како што се интеграција на регионалниот енергетски пазар и усогласување со ЕУ, регулаторни реформи, инвестициони рамки, модернизација на мрежата, мерки за праведна транзиција и партиципативно управување, нагласувајќи дека енергетската транзиција во Западен Балкан не е само технолошки предизвик, туку и демократски и општествен процес кој бара доверба, транспарентност и учество на граѓаните. Извештајот беше широко дистрибуиран до институциите, министерствата и регионалните чинители, зајакнувајќи го неговото влијание и улогата на МЕФ како постојана платформа за соработка. Паралелно беа иницирани и консултации за МЕФ26.

Thomson Media продолжи со спроведување на проектот „Зелени наративи: унапредување на свесноста за зелената транзиција во Западен Балкан“, со цел зајакнување на новинарство и јавната информираност поврзани со екологијата. Проектот вклучи медиумски професионалци преку Innovation Hub, Validation Booster и Fellowship програма, кои привлекоа повеќе од 100 апликации и обучија 15 новинари. Преку грант-шема беа поддржани и објавени 9 истражувачки новинарски приказни во регионот (две од нив во Северна Македонија), додека дополнителни содржини беа создадени преку подкасти и дигитални платформи. Овие активности резултираа со институционални реакции, вклучително и регулаторни подобрувања. Иницијативата достигна над 350.000 граѓани и придонесе за зголемена јавна свесност и медиумска отчетност.

CEED Hub Скопје го реализираше проектот „Climathon Bitola 2025“, иновативен настан кој се одржа на 14-15 февруари 2025 година, во кампусот на Техничкиот факултет при Универзитетот Св. Климент Охридски Битола. Климатонот обедини 48 учесници, вклучувајќи ученици, студенти, стартапи и ментори. Девет тимови развија решенија за локални еколошки предизвици, при што победничкиот тим EcoMax доби грант од 6.000 USD и разви функционален прототип за следење на

квалитетот на воздухот. Климатонот се реализираше во партнерство со Општина Битола и Универзитетот Св. Климент Охридски Битола.

ФООМ го поддржа Центарот за климатски промени - Гевгелија во имплементација на проектот „Овозможување праведна транзиција во Северна Македонија преку зголемување на можностите за користење обновливи извори на енергија“, кој опфати анализа на 95 јавни објекти од општините Тетово, Битола, Новаци и Могила. Паралелно со мапирањето и идентификацијата на соларниот потенцијал, беше развиен софтвер за интеграција и управување со податоци. Софтверот прибира податоци од постојните фотоволтаични системи инсталирани на јавни објекти во Битола и Штип, агрегира информации за производството на електрична енергија од сите постојни системи во таргетираните општини, обезбедува интегрирана контролна табла (dashboard) со приказ на реално-временско производство на електрична енергија за секој објект, како и складирање на историски податоци за производство на енергија со цел поддршка на анализи и проекции. Ова овозможува надлежните институции и засегнатите страни подобро да ги разберат трендовите и идните енергетски потреби. За потребите на софтверот е воспоставен посебен домен www.pvsync.org. Интеграцијата на платформата pvsync.org е веќе извршена онлајн и моментално е во фаза на тестирање. Дополнително, започнат е развој на GIS (географски информациски систем) база на податоци која ги опфаќа сите мапирани објекти. Овој систем во понатамошната фаза ќе се користи за изработка на соларен катастар – детален приказ на соларниот потенцијал – за четирите општини.

Здружението Станица ПЕТ го имплементираше проектот „Паметно зелено село за одржлива иднина“ во село Ропотово, воспоставувајќи зелен ресурсен центар, компостирачки станици и предуслови за соларна фарма. Проектот придонесе кон зголемена еколошка свесност, зајакнати локални капацитети и практична примена на одржливи решенија. Зелениот ресурсен центар функционираше како простор за учење и поддршка, преку консултации, теренска работа и шест едукативни работилници на теми како компостирање, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, со учество на повеќе од 70 жители. Во рамки на управувањето со органски отпад, беа воспоставени и одржувани компостирачки станици во

соработка со комуналните служби, што резултираше со производство и дистрибуција на органски компост до локалното население и институции. Дополнително, изработена беше пред-физибилити студија која потврди поволни услови за развој на соларна фарма, а нејзините резултати беа презентирани пред локалните чинители. Проектот успешно комбинираше едукација, практични активности и стратешко планирање, поставувајќи основа за долгорочна одржливост и понатамошни зелени инвестиции во заедницата.

Здружението Мултикултура - Тетово го реализираше проектот „Зајакнување на граѓанското учество за заштита на животната средина во Тетово“, резултирајќи со конкретни политики и формирање на ново одделение за заштита на животната средина.Во рамки на проектот беа организирани три форуми со учество на над 150 граѓани и засегнати страни, при што беа идентификувани клучните еколошки предизвици и генерирани над 15 конкретни препораки за нивно надминување. Паралелно, беше изработена сеопфатна истражувачка студија базирана на анкета со 400 граѓани, која ги утврди приоритетните проблеми како загадувањето на воздухот, управувањето со отпад и недостигот на зелени површини, и понуди конкретни насоки за политики. Дополнително, беше реализирана дводневна обука за 31 општински службеник, со што се зајакнаа капацитетите за партиципативно управување и развој на одржливи политики. Продолжувајќи ги овие напори, на крајот на 2025 година, Мултикултура Тетово започна со реализација на проектот „Зајакнување на локалното управување за зелена транзиција- воспоставување на Одделение за животна средина и енергетика во Тетово“, кој треба да резултура со формирање Одделени за животна средина во Општина Тетово и континуиран дијалог меѓу институциите, експертите и граѓанското општество поврзан со клучните еколошки предизвици и приоритети во Општина Тетово.

ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Работата во рамки на приоритетот Дигитална трансформација продолжи да поддржува промени во политиките, иновации во јавниот сектор и модернизација на приватниот сектор со цел максимално искористување на можностите на регионот за приклучување кон Единствениот дигитален пазар на ЕУ. Напорите беа насочени кон унапредување на дигиталните јавни услуги за намалување на корупцијата и зголемување на транспарентноста, како и кон поттикнување на примена на напредни производствени технологии и дигитални алатки од страна на бизнисите и образовниот систем, со цел зголемување на продуктивноста, создавање подобро платени работни места и намалување на одливот на мозоци.

Проектот „Дигитална платформа за наставници по економија во рамки на Програмата за економска писменост“, имплементиран од Институтот за либерална алтернатива (ЛАИ), ја поддржа дигиталната трансформација на средното образование во Северна Македонија преку развој и имплементација на практична онлајн платформа за наставници по економија. По пилот-тестирање со 10 наставници, платформата беше усвоена од 60 наставници од 53 средни училишта на национално ниво, подобрувајќи ја подготовката на наставата, реализацијата на часовите и ангажманот на учениците преку интерактивни и видео-базирани материјали. Проектот дополнително ја зајакна институционалната соработка преку поддршка на процесот на акредитација на изборниот предмет „Економија со здрав разум“, со вклучување на повеќејазични и инклузивни училишта, вклучително и училишта со ученици од ромската заедница. Неделните менторски сесии и националниот настан за застапување со над 80 учесници ја зголемија самодовербата кај наставниците, ја промовираа употребата на дигитални алатки во образованието и поттикнаа поширока примена на иновативни наставни практики, придонесувајќи кон подобрување на квалитетот и инклузивноста на економското образование.

Во 2025 година, Центарот за граѓански комуникации го започна спроведувањето на проектот „Истражување на потенцијалот за јавно-приватни партнерства и концесии за регионален развој на Западен Балкан“ кој дава приоритет на економската и

развојната вредност што ефективните рамки за јавно-приватно партнерство можат да ја генерираат за регионот - во однос на создавањето работни места, модернизацијата на инфраструктурата, прекуграничните инвестиции и фискалната ефикасност.

СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

Проектот „Чаша полуполна“, имплементиран од Балканскиот центар за конструктивни политики - Солуција Скопје, воведе конструктивно новинарство во Северна Македонија преку таргетирана обука за 20 млади новинари во рамки на четири структурирани обуки за конструктивно новинарство Учесниците покажаа јасно подобрување во разбирањето на новинарството насочено кон решенија, етичките стандарди, техниките на раскажување приказни и контекстуалната анализа на општествени прашања. Понатаму, проектот воспостави посветена и квалификувана основна група на учесници. 12 учесници беа избрани да продолжат во менторската фаза каде ги идентификуваа, развија и доработија концептите за првите четири епизоди од програмата „Чаша полуполна“.